# Северна Македонија
# 2018-2019

MICS

Multiple Indicator Cluster Surveys

## Функционалност кај децата

Republic of North Macedonia State Statistical Office

unicef

### Функционалност кај децата: нивоа и домени

#### Нивоа на функционалност кај децата по возрасни групи




Децата со попреченост се меѓу најмаргинализираните групи во општеството. Соочени со секојдневна дискриминација во форма на негативни ставови и недостаток на соодветни политики и законодавство, тие честопати се меѓу најсиромашните членови на населението и имаат помала веројатност да посетуваат училиште, да имаат пристап до медицински услуги или нивниот глас да се слушне во општеството. Дискриминацијата и исклучувањето на децата со попреченост, исто така, ги става во поголем ризик од физичка и емоционална злоупотреба или други форми на запоставување, насилство и експлоатација.

Конвенцијата за правата на детето (УНИЦЕФ, 1989) и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (ОН, 2006) експлицитно ги наведуваат правата на децата со попреченост на еднаква основа со другите деца и повикуваат на подобрувања во нивниот пристап на услугите и нивното учество во сите аспекти на животот.

За да се постигнат овие цели, постои потреба од меѓународно споредливи и веродостојни податоци. Модулот за функционалност кај децата е дизајниран во согласност со Меѓународната класификација на СЗО за функционирање, попреченост и здравје и Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, за собирање информации за функционалните тешкотии што децата ги доживуваат во различни домени, вклучувајќи слух, вид, комуникација/разбирање, учење, подвижност и чувства. Децата со функционални тешкотии може да бидат изложени на ризик од ограничено учество во средина што не ги прифаќа и го ограничува исполнувањето на нивните права.

#### Домени на функционалност кај децата

| | Гледање | Слушање | Одење | Фина моторика | Комуникација | Учење | Играње | Контрола на однесување | Грижа за себе | Помнење | Концентрирање | Прифаќање промени | Спријателување | Анксиозност | Депресија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Национално ниво** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2-4 години | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | Н/П | Н/П | Н/П | Н/П | Н/П | Н/П | Н/П |
| 5-17 години | <1 | 0 | <1 | Н/П | <1 | 1 | Н/П | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | <1 | 9 | 2 |

Процент на деца на возраст 2-17 години што имаат функционална тешкотија во најмалку еден домен, според домени на тешкотии

Н/П - Не е применливо

## Клучни пораки

- Според одговорите на нивните мајки/старатели, 9 проценти од децата на возраст 2-17 години имаат функционални тешкотии во најмалку еден домен.
- Согласно со одговорите на мајките/старателите, поголем дел од децата во најсиромашните домаќинства доживуваат функционални тешкотии во кој било од домените, во споредба со нивните врсници во најбогатите домаќинства – 13 наспроти 4 проценти.
- Гледано по возрасни групи, 2 проценти од децата на возраст 2-4 години и 11 проценти од децата на возраст 5-17 години имаат тешкотии во најмалку еден домен, според одговорот на мајките/старателите.
- Резултатите по домени на тешкотии покажуваат дека 9 проценти од децата на возраст 5-17 години имаат анксиозност, додека 2 проценти страдаат од тага или депресија, според одговорот на мајките/старателите.
- Околу 10 проценти од децата на возраст 2-17 години носат очила, додека помалку од 1 процент користат опрема или добиваат помош при одење.

## Функционалност кај децата: нееднаквости




Процент на деца на возраст 2-17 години што имаат функционална тешкотија, според статистичките белези

## Деца коишто користат помагала




Процент на деца на возраст 2-17 години коишто користат помагала

Мултииндикаторското кластерско истражување во Северна Македонија (МИКС) беше спроведено во 2018-2019 година од страна на Државниот завод за статистика, како дел од глобалната програма МИКС. Стручна поддршка обезбеди Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ), со финансиска поддршка на УНИЦЕФ, Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и британската амбасада.

Целта на овој преглед е да се објават избрани наоди од МИКС за Северна Македонија 2018-2019 година поврзани со функционалноста кај децата. Податоците од овој преглед може да се најдат во табелите EQ.1.1, EQ.1.2, EQ.1.3 и EQ1.4 во Извештајот со наоди од истражувањето.

Дополнителни статистички прегледи и Извештајот со наодите од ова истражување и други истражувања се достапни на mics.unicef.org/surveys.